SONY®

Упатство за употреба

МК

# Телевизор

BRAVIA

KD-75X9405C / 65X9305C / 55X9305C

# Содржина


ВАЖНИ ЗАБЕЛЕШКИ . . . . . . . . . . .. . . . . . . . 3
Информации за безбедност . . . . .. . . . . . . . . . . 3
Мерки на претпазливост . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5
Делови и контроли . . . . . . . .. .. . . . . . . . . . . 7
Контроли и индикатори . . . . . . . . . . . . . . . . . . 7
Влезови и излези . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 8
Користење на далечинското . . . . . . . . . . . . 10
Опис на делови на далечинското . . .. . . . . . . . 10
Користење далечински управувач на допир . 12
Активирање на вовед задалечински управувач на допир/Упатство . . . . .. . . . . . . . . . . . . . . . . 12
Прикачување Држач за маса (По избор) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 12
Поврзување други уреди . . . . . . . .. . . . . . . . 14
Инсталирање на ТВ на ѕид . . . . . . . . . . . . . . . 18
Само KD-65/55X9305C . . . . . . . . . . . . . . . . . . 18
Само KD-75X9405C . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 21
Проблеми и можни решенија . . . . . . . . . . . . . 22
Проблеми и решенија . . . . .. . . . . . . . . . . . . . . 22
Спецификации . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 23


## Вовед

Ви благодариме што го избравте овој Sony производ. Пред употреба на ТВ, прво прочитајте го внимателно овој прирачник и задржете го за понатамошна употреба.

### Забелешки

- Пред употреба на ТВ, прочитајте ги прво „Информациите за безбедност “ (стр. 3).
- Сликите и илустрациите користени во Водичот за брз почеток и во прирачникот се како референца и може да се разликуваат од производот.

## Место за ознаки за идентификација

Ознаки за број на моделот, датум на производство (месец/година) и номинална сила на струјата (во согласност со важечките прописи за безбедност) се наоѓаат на задниот дел од ТВ или на пакувањето.



## ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ
## ДА СПРЕЧИТЕ ШИРЕЊЕ НА ПОЖАР, СВЕЌИ И ДРУГИ ОТВОРЕНИ ПЛАМЕНИ ДРЖЕТЕ ГИ ПОДАЛЕКУ ОД ОВОЈ ПРОИЗВОД.




## Како да го замените осигурачот

Отворете го делот за осигурачите со остар штрафцигер и заменете го осигурачот.
Ве молиме видете во илустрацијата со што всушност е опремен овој производ.

## ВАЖНИ ЗАБЕЛЕШКИ

Овој производ е произведен од страна на или во име на Sony Corporation, 1-7-1 Konan Minato-ku Токио, 108-0075 Јапонија. Прашања поврзани со усогласеноста врз основа на законските прописи на Европска унија се испраќаат до овластениот застапник, Sony Deutschland GmbH, Hedelfinger Strasse 61, 70327 Штутгарт, Германија. За било каква услуга или прашања во врска со гаранцијата, обратете се на адресите наведени во гарантниот лист.

### Информации за безжичен сигнал

Со ова, Sony Corporation изјавува дека овој уред е во согласност со основните барања и други соодветни одредби од Директивата 1999/5/EZ.

За повеќе детали, обратете се на следната URL:

http://www.compliance.sony.de/

Забелешка за корисниците: следните информации се однесуваат само за земјите кои ги применуваат ЕУ директивите.

Оваа опрема може да работи и во земји надвор од Европа.

## Информации за безбедност

### ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Батериите не смеат да се изложуваат на прекумерна топлина како што се сончева светлина, оган или слично.

### Поставување/дотерување

ТВ апаратот поставете го во согласност со упатствата за избегнување на опасност од пожар, електричен удар или оштетување и/или повреда.

#### Поставување

- Да избегнете лизгање и да предизвикате лична повреда не газете врз заштитната кутија на ТВ кога го отпакувате ТВ.
- Поставете го ТВ во близина на лесно достапен штекер.
- ТВ приемникот ставете го на стабилна и рамна површина да спречите да падне или да дојде до лични повреди или оштетување на самиот телевизор.
- Поставете го ТВ каде не може да се повлече, турне или превртi.
- Инсталирајте го ТВ така што Држачот за маса за ТВ не излегува надвор од ТВ (одделно се продава). Ако Држачот за маса излегува надвор од ТВ може да предизвика ТВ да се преврти, падне и да предизвика лична повреда или да се оштети ТВ.



- Инсталирање на ѕид треба да го направи само квалификуван сервисер.
- Заради лична безбедност се препорачува да користите само Sony додатоци, вклучувајќи и: Држач за на ѕид -SU-WL450 (KD-65/55X9305C)
- При инсталирање на ТВ на ѕид користете ги само завртките кои се испорачани со носачот. Испорачаните завртки се дизајнирани исклучиво за овој ТВ.
  Дијаметарот и должината се разликуваат во зависност од моделот на носачот за монтирање на ѕид.
  Употреба на други завртки освен тие кои се испорачани може да предизвикаат штета врз ТВ апаратот или ТВ може да падне.




#### Преместување на ТВ

- Пред да го преместите ТВ, прво исклучете ги каблите.
- За преместување на ТВ потребни се двајца или тројца луѓе.
- При рачно преместување на ТВ, држете го како што е подолу прикажано.
  Не вршете притисок врз LCD панелот и оквирот околу екранот.

**KD-75X9405C**



**KD-65/55X9305C**



- При рачно пренесување на ТВ апаратот, не го изложување на тресење или прекумерни вибрации.
- При пренесување на ТВ во сервис, спакувајте го во оригиналното пакување и материјал за пакување.

#### Вентилација

- Никогаш не ги прикривајте отворите за вентилација ниту да ставите во куќиштето нешто.
- Оставете простор околу ТВ апаратот како што е прикажано.
- Исклучиво се препорачува да користите носач за монтирање на ѕид од Sony да обезбедите соодветна циркулација на воздухот.

#### Поставување на ѕид




Оставете најмалку олку простор околу апаратот.

### Поставување на држачот




Оставете најмалку олку простор околу апаратот.

- Да обезбедите правилна вентилација и да спречите собирање на прашина и нечистотија:
  - ТВ апаратот не го оставајте да лежи рамно, не го ставајте во обратна положба, наназад или од страна.
  - ТВ не го ставајте врз тепих, кревет или во плакар.
  - ТВ не го покривајте со ткаенина, како на пр. завеси или со предмети како на пр. весник и т.н.
  - ТВ не го поставувајте како што е прикажано подолу.

Блокирање на циркулација на воздух.




## Мрежно поврзување

Правилно поврзете ја мрежата и штекерот даизбегнете било каква опасност од пожар, електричен удар или оштетување или повреда:
- Користете кабел исклучиво испорачан од Sony, не од други производители.
- утикачот ставете го до крај во штекерот.
- ТВ користете го исклучиво со напојување од 220-240 V AC.
- при откачување на каблите уверете се дека мрежниот спроводник е исклучен порави ваша безбедност.
- исклучете го мрежниот спроводник од мрежниот утикач пред да работите на него или при поместување на ТВ.
- мрежниот спроводник држете го подалеку од извори на топлина.
- исклучете го мрежниот утикач и редовно чистете го. Ако утикачот е покриен со прашина и привлекува влага, неговата изолација може да се оштети и може да дојде до пожар.

### Забелешка

- Испорачаниот кабел не го користите на друга опрема.
- Мрежниот спровоник не го стегајте премногу, виткате или мотате. Главните жици на спроводникот може да се оштетат.
- Не го модифицирајте мрежниот проводник.
- Не ставајте ништо тешко врз мрежниот проводник.
- Кога го исклучувате не повлекувајте за мрежниот проводник.
- Не приклучувајте премногу уреди на ист штекер.
- Не вклучувајте во неисправен штекер.

## Забранета употреба

ТВ не го поставувајте/користете на места, опркужување или ситуации кои се подолу наведени бидејќи може да се предизвика пожар, електричен удар, оштетување и/или повреда.

### Локации:

- Надвор (на директна сончева светлина), на плажа, брод, во возило, во болници, на нестабилни локации, во близина на вода, на дожд, влага или дим.
- Ако ТВ се постави во гардероба на јавна бања или топол извор, ТВ може да се оштети од сулфурот во воздухот



- За најдобар квалитет на слика, екранот не го изложувајте на директно осветлување или на сонце.
- Избегнувајте преместување на ТВ од ладно на топло. Ненадејни промени на собната температура може да предизвикаат кондензација на влага. Ова може да предизвика лоша слика и/или лоша боја на тв. Ако се случи ова, причекајте влагата целосно да испари пред да го вклучите тв.

### Опкружување:

- Места кои се топли, влажни или интензивна прашина, каде што може да влезат инсекти; каде што може да биде изложен на механички вибрации, во близина на запалливи предмети (свеќи). ТВ не треба да биде изложен на предмети од кои капе или прска течност.
- ТВ не го ставајте во влажен или прашлив простор или во просторија со мрсен дим (во близина на шпорет или овлажнувач). Може да дојде до пожар, електричен удар или искривување.



- ТВ не го поставувајте на места подложни на екстремни температури како што се директна сончева светлина, во близина на радијатор или грејно тело. При такви услови Тв може да прегрее и да предизвика деформирање на куќиштето или дефект на ТВ.





### Ситуации:

- Не го користите кога рацете ви се влажни, при извадено куќиште или со додатоци кои не се препорачани од производителот. При невреме и грмење ТВ исклучете го од штекер.
- ТВ не го поставувајте да биде испакант на отворен простор. Може да дојде до повреда или оштетување на лице или предметот кој ќе удри во ТВ



### Скршени делови:

- Не фрлајте ништо врз ТВ. Од ударот може да се скрши стаклото од екранот и да предизвика повреда.
- Ако површината на ТВ пукне, не го допирајте се додека не го исклучите од штекер. Во спротивно, може да дојде до електричен удар.

## Кога не се користи

- Ако ТВ нема да го користите неколку дена, треба да го исклучите од штекер од еколошки и безбедносни причини.
- Бидејќи ТВ не е исклучен од струја кога ќе го исклучите ТВ, откачете го утикачот од штекер за целосно исклучување на ТВ.
- Но, некои ТВ може да имаат функција која бара ТВ постојано да биде поврзан во струја за да работи правилно.

## За деца

- Не дозволувајте деца да се качат врз ТВ.
- Мали делови од алатот држете го настрана од дофат на деца, да не ги голтнат случајно.

## Ако се судрите со следните проблеми...

Веднаш исклучете го ТВ и извлечете го мрежниот проводник ако се судрите со следниве проблеми.
Обратете се кај продавачот или сервисниот центар на Sony.

### Кога:

- Мрежниот кабел е оштетен.
- Лош контакт на штекерот.
- ТВ е оштетен поради паѓање, удирање или е фрлено нешто врз него.
- преку отворите на куќиштето навлезена е течност или цврст предмет.

## За темепратурата на LCD мониторот

Кога LCD мониторот се користи подолго време околниот панел се затоплува. При допир со рака може да ја почувствувате топлината.

## Мерки на претпазливост

### Гледање телевизија

- Гледајте ТВ при умерено осветлување, доколку гледате ТВ при слабо осветлување или при долго долго гледање ги напрегате очите.
- Доколку користите слушалки дотерајте ја јачината на звукот да избегнете прекумерни нивоа бидејќи може да си го оштетите слухот.
- Некои луѓе може да почувствуваат непријатност (како напор во очите, замор или мачнина) додека гледаат 3D видео слика или репродукција на стереотипни 3D игри. Sony препорачува да се прават редовни паузи при гледање на 3D видео слики или играње на 3D игри. Должината и интервалите на паузите самите ќе си ги одредувате. Ако почувствувате било каква непријатност треба да престанете да го користите овој производ и да гледате 3D видео слика се додека не помине мачнината; доколку сметате дека е неопходно обратете се кај доктор. Исто така треба да видите во (i) упатството за употреба на било кој уред или медиум кој се користи со овој ТВ и (ii) нашата веб страна (http://support.sony-europe.com/) за најнови информации. Видот на малите деца (поготово помалите од шест години) сеуште е во развој. Обратете се кај својот доктор (како на пр. педијатар или очен доктор) за дозвола на малите деца да гледаат 3D видео слики или да играат 3D игри. Возрасните треба да ги надгледуваат децата дали се придржуваат кон наведените препораки.
- Не користите, не ги држите или пак не ги оставајте 3D наочарите на места со висока температура, на пр. на директна сончева светлина или во автомобил изложен на сонце.

### LCD екран

- Иако LCD екранот е направен со прецизна технологија и 99,99% или повеќе пиксели се ефективни, може да се појават црни или светли точки (црвена, плава или зелена) на LCD екранот. Ова е својствено за LCD екранот и не е дефект.
- Не го буткајте или гребете предниот филтер, ниту пак да ставате предмет врз ТВ. Сликата може да биде нерамна или LCD екранот може да се оштети.
- Ако овој ТВ се користи на ладно место, може да дојде до замаглување на сликата или сликата може да стане темна. Ова не е дефект. Овој феномен исчезнува со зголемување на температурата.
- Може да дојде до рефлектирање на сликата кога постојано се прикажува неподвижна слика. Ова може да исчезне по неколку моменти
- Екранот и кућиштето се затоплуваат кога се користи ТВ. Ова не е дефект.
- LCD екранот содржи мала количина на течен кристал. Постапувајте според локалните закони и прописи за одложување на ТВ.

## Ракување и чистење на површината на екранот/кабинетот на ТВ уредот.

Исклучете го ТВ од електричното напојување пред чистење.
За да се избегне деградација на екранот, следете ги наредните препораки.

- За отстранување на прашината од екранот/кабинетот, нежно избришете го со мека ткаенина. Ако има наталожена прашина, избришете ги со мека ткаенина натопена вода во која има растворено мала количина неутрален детергент.
- Не прскајте вода или детергент директно на ТВ. Може да падне на дното од екранот или надворешните делови и да влезе во ТВ и може да предизвика оштетување на ТВ.



- Никогаш не употребувајте абразивни средства, силни растворувачи, абразивен прашок, или насилни растворувачи, како алкохол, бензин, или инсектицид. Употребата на овие материјали или продолжен контакт со нив може да ја изгребе или обезбои површината на екранот или кабинетот.
- Се препорачува периодично чистење на отворите за вентилација за правилна вентилација.
- Кога го прилагодувате аголот на ТВ, движете го бавно да спречите лизгање или испаѓање на ТВ од држачот.

### Опционална опрема

- Држете ја опремата која емитира електромагнетно зрачење подалеку од ТВ. Во спротивно може да се појави дисторзија на сликата и/или шум.
- Оваа опрема е тестирана и е во согласност со ограничувањата поставени во ЕМС Директивата за користење на кабел за поврзување пократок од 3 метри.

### Препорака за F-тип на приклучок

Испакнатоста на внатрешната жица од делот за поврзување мора да е помал од 1.5 mm.




(Референтен цртеж за F тип на приклучок)

#### Безжични функции на уредот

- Со овој уред не работете во близина на медицинска опрема (пејсмекер и т.н.), може да предизвика дефект на медицинската опрема.
- Иако овој уред пренесува/прима кодирани сигнали, внимавајте за неовластен прекин. Како резултат на ова, не преземаме никаква одговорност.

#### Внимание за ракување со далечинскиот управувач

- Обезбедете правилен поларитет при ставање на батериите.
- Не користете различни типови на батерии заедно или да мешате стари и нови батерии.
- Внимавајте на околината при одложување на батериите. Некои региони имаа регулирани места за одложување батерии. Консултирајте се со овластени лица.
- Со далечинското ракувајте со него. Не го испуштајте или не нагазувајте на него, или да не истурите течност врз него.
- Далечинското не го ставајте на места во близина на топлотни извори, на директна сончева светлина или влажна соба.

# Одложување на ТВ

### Исфрлање на стара електрична и електронска опрема (применливо во Европ ската унија и други земји со посебни собирни центри)

Овој симбол на производот или на неговото пакување укажува дека тој не треба да се третира како обичен домашен отпад. Тој треба да се однесе во посебен собирен центар за рециклирање на електрична и електронска опрема. Со правилно исфрлање на овој производ, Вие ќе помогнете во спречувањето на потенцијалните негативни последици за опкружувањето и човековото здравје, што може да се предизвикаат со неправилно исфрлање на овој производ. Рециклирањето на материјалите ќе допринесе за зачувување на природните ресурси. За подетални информации околу рециклирањето на овој производ, Ве молиме, контактирајте ја локалната компанија за рециклирање, отпад или продавницата каде што сте го купиле производот.

### Исфрлање на батерии (апликативно во Европската Унија државите со посебни колективни системи за рециклирање)

Овој симбол на батеријата или на нејзиното пакување, укажува дека батеријата испорачана со овој производ не треба да се третира како обичен домашен отпад. Некои батерии може да се означени со хемиски знак. Хемискиот симбол за жива (Hg) или олово (Pb) се ставаат на батерии кои содржат повеќе од 0.0005% жива или 0.004% олово. Со правилно исфрлање на батериите, Вие ќе помогнете во спречувањето на потенцијалните негативни последици за опкружувањето и човековото здравје, што може  да се предизвикаат со неправилно исфрлање на овој производ. Рециклирањето на материјалите ќе допринесе за зачувување на природните ресурси. Во случај да уредот треба да е постојано поврзан со вградената батерија, за зачувување, безбедност или интегритет на податоците, оваа батерија треба да се заменува само од квалификуван сервисен персонал. За да обезбедите правилен третман на батериите, однесете ги при крај на нивниот животен век во собирен центар за рециклирање на електрична и електронска опрема. За правилно и безбедно отстранување на сите типови батерии од апаратот, прочитајте го упатството за вадење на батериите од  уредот. Однесете ги батериите во собирен центар за рециклирање на електрична и електронска опрема. За подетални информации околу рециклирањето на батериите, Ве молиме, контактирајте ја локалната компанија за рециклирање, отпад или продавницата каде што сте го купиле производот.

# Делови и контроли

## Контроли и индикатори




**1 Сензор за далечински управувач[*1] / Сензор за светло[*1] / LED илуминатор/ 3D Sync Transmitter[*1]**

LED илуминаторот светнува или трепка во зависност од статусот на ТВ.

- Бело
  При вклучување на ТВ/исклучување режим за слика/ажурирање софтвер и т.н.
- Цијан
  При поврзување со безжичен мобилен уред.
- Розово[*2]
  Режим за снимање.
- Килибар
  Тајмерот е дотеран.

**2 ⏻ (Напојување)**

**3 CH +/- (Канал)**

**4 ◿ +/- (Тон)**

**5 ⇥ (Избран влез)**

Приказ и избор на влезен извор.

**6 TV**

Префрлање во ТВ канал или влез од друга апликација.

[*1] Не ставајте ништо во близина на сензорот.

[*2] Само за ограничен регион/земја/ТВ модел.

# Влезови и излези

**KD-75X9405C/55X9305C**




**KD-65X9305C**



**1 LAN**

**2 DIGITAL AUDIO OUT (OPTICAL)**

**3 AV 1**

- Поврзете со SCART кабел. Кога ќе поврзете аналоген декодер, ТВ тјунерот емитува кодирани сигнали до декодерот и декодерот ги дешифрира сигналите пред да ги емитува.

**4 AV 2, / COMPONENT IN**

- За композитно поврзување: Користете AV 2 и (L/R) од / COMPONENT IN*1.
- За компонентно поврзување: Користете Y, PB, PR и (L/R).

**5 CAM (Conditional Access Module)**

- Обезбедува пристап до ТВ услуги со наплата. За детали видете во упатството за употреба испорачано со вашиот CAM.
- Не ставајте картичка директно во ТВ CAM слотот. Мора да се вгради во модулот за условен пристап обезбеден од овластен продавач.
- CAM не е поддржан во некои земји/подрачја. Проверете кај овластен продавач.
- CAM порака може да се прикаже кога ќе префрлите во дигитална програма по употреба на интернет видео.

**6 (USB 1/2), (USB 3 (HDD REC))*2 *3**

- Со поврзување на голем USB уред може да пречи на другите поврзани уреди покрај него.
- Кога поврзувате голем USB уред, поврзете во USB 1 приклучокот.

**7 AUDIO OUT /**

- Да слушате ТВ звук преку поврзаната опрема допрете **HOME**. Изберете [Settings] → [Sound] → [Headphone/Audio out] и потоа изберете мени по желба.

**8 HDMI IN 1/3/4**

- Ако поврзете дигитален аудио систем кој е компатибилен со Audio Return Channel (ARC) технологија, користете HDMI IN 4. Ако не, потребно е дополнилено поврзување со DIGITAL AUDIO OUT (OPTICAL).

**9 HDMI IN 2/MHL**

- Можете да го поврзете MHL (Mobile High-definition Link) уред преку HD квалитет MHL кабел.

**10 (Сателитски влез)**

Поврзете сателитска антена.

**11 (RF влез)**

Поврзете кабел или антена.

*1 Кога ќе поврзете моно опрема, поврзете во L (MONO) аудио приклучок.

*2 Само за ограничен регион/земја/ТВ модел.

*3 HDD REC функцијата ќе биде достапна во 2015. Автоматски ќе ја примате HDD REC функцијата како ажурирање на софтверот. Проверете дали ТВ е поврзан со интернет. Ако немате мрежно поврзување, софтверот ќе може да го превземете од страната за подршка на Sony преку компјутер. За детали за ажурирањето посетете ја веб страната за подршка на Sony. Да бидете информирани за точната дата пријавете се на http://www.sony.eu/support/2015tvnetworkupdate

# Користење на далечинскиот управувач

## Опис на делови на далечинскиот управувач

**IR (инфрацрвен) далечински**




**Далечински на допир**




1 ⇥/⊜ **(Влезен сигнал/Задржување текст)**

Во ТВ режим. Приказ и избор на влезен сигнал. Во текстуален режим. Задржување на моменталната страница.

**SYNC MENU**[*1]

Приказ на BRAVIA Sync Menu.

⏻ **(TV во мирување)**

Вклучување или исклучување на ТВ (режим на мирување).

**DIGITAL/ANALOG**

Префрлање меѓу дигитален и аналоген режим.

**TV/RADIO**

Префрлање меѓу ТВ или RADIO емитување.

**FOOTBALL**[*1]

Вклучување или исклучување на Live Football Mode (кога функцијата е достапна).

2 **Нумерички копчиња**

**EXIT**

Враќање во претходен екран или излез од менито. Кога Interactive Application сервисот е достапен, допрете за излез од сервисот.

▤ **(Текст)**

Приказ на текстуална информација.

3 **Обоени копчиња**

Извршува соодветна функција во тоа време.

ⓘ/? **(Инфо/Откривање текст)**[*1]

Приказ на информација.

**NETFLIX**[*1]

Пристап до “NETFLIX” онлајн сервис.

**HELP**
Приказ на мени со помош.

**4 ACTION MENU**
Приказ на листа со контекстуални функции. Исто така може да го прикажете со лизгање на прстот од **ACTION MENU** на Далечинското на допир.

**TV**[*1]
Менување во ТВ канал или влез од друга апликација.

**GUIDE/▤** [*1]
Приказ на дигитален програмски водич.

**BACK/**
Враќање во претходен екран.

**HOME**
Приказ на почетно мени на ТВ.

**DISCOVER**
Повикување на Content Bar (Лента со содржини) за пребарување содржина. Може да го активирате Content Bar и со лизгање нагоре на прстот од **DISCOVER** од Далечинското на допир.

**↑/↓/←/→/⊕ (Избор на мени/Внес)**

**5 ◢+/– (Јачина на тон)**
Прилагодување јачина на тон.

**(Скокање)**
Скок напред и назад меѓу два канала или влезови. ТВ се менува меѓу моменталниот канал или влез и последниот избран канал или влез.

**(Без глас)**
Исклучување на звукот. Повторно допрете за враќање на звукот.

**PROG +/–/▲/▼**
Во ТВ режим. Изберете канал.

Во Текстуален режим: Изберее следна (▲) или претходна (▼) страна.

**6 AUDIO**
Во моментот се гледа промените на јазик за програмите.

**(Дотерување на превод)**
Вклучување или исклучување на превод (кога карактеристиката е достапна).

**(Широк режим)**
Менување формат на екан.

**7 ◀◀/▶/▶▶/|◀◀/❚❚/▶▶|/■**
Работа со содржината на медиумот на ТВ и поврзан во BRAVIA Sync-компатибилен уред.

**● REC**[*1*2]
Снимање на моментална програма со USB HDD функција за снимање.

**TITLE LIST**[*1]
Приказ на листа со наслови.

**8 (Микрофон)**
Користете Функција за глас (Voice Function). (пр. пребарување содржина гласовно.)

**9 Табла на допир**
Ракувајте со ТВ со допир.

**10 (NFC)**
Допрете на уредот (пр. некои модели на Xperia) кои одговараат на функцијата за пресликување со еден допир, потоа неговиот екран се прикажува на ТВ.

*1 Локацијата, достапноста и функцијата на копчето за далечинско може да се разликуваат во зависност од земјата/регионот/ТВ моделот.

*2 HDD REC функцијата ќе биде достапна во 2015. Автоматски ќе ја примите HDD REC функцијата како софтвер за ажурирање. Проверете дали ТВ е поврзан со интернет. Ако немате мрежно поврзување, софтверот може да го преземете на компјутер од веб страната за подршка на Sony. За детали како да го ажурирате, посетете ја веб страната за поддршка на Sony. Да бидете информирани за точниот датум пријавете се на http://www.sony.eu/support/2015tvnetworkupdate

## Користење на Табла за далечинско

Таблата за далечинско може да се користи откако ќе го спарите со ТВ.
Да го спарите следете го екранот со инструкции за спарување. Екранот за спарување може да се прикаже со допирање на копчето на ТВ за 5 секунди или да изберете [Settings] - [Touchpad Remote Control settings] - [Pair Touchpad Remote Control].

## Активирање вовед во Таблата за далечинско/Почетен курс

1 Допрете HOME.




2 Изберете [Settings] - [Touchpad Remote Control settings] - [Start Introduction/ Tutorial].

# Прикачување Држач за маса (По избор)

Може да ја смените позицијата на Држачот за маса од крајот во средна позиција според долната инструкција.




Забелешка
- За оваа инсталација потребни се двајца или повеќе луѓе.
- Внимавајте да не си ги притиснете прстите за време на инсталирањето.

1



2




Забелешка
- За оваа инсталација потребни се двајца или повеќе луѓе.
- Проверете да не има пречки пред ТВ.




## За спојување на каблите

**KD-75X9405C/65X9305C**




**KD-55X9305C**




*1 Локација на стегач за кабел кога Држачот за маса е поставен во средна позиција.
*2 Локација на стегач за кабел кога Држачот за маса е поставен вна ивица.

Забелешка
- За откачување на стегачот за кабел од ТВ, допрете врз стегачот ①, потоа притиснете на ② како што е прикажано.



# Поврзување други уреди

За повеќе информации за поврзувањето видете во Help Guide.

Забелешка
• Да изберете влезен уред поврзан на ТВ, допрете ⇥ .

## За откачување на капакот за терминал

Капакот за терминалот фабрички е прикачен на ТВ. Пред да ги поврзете каблите, извадете го капакот.

**KD-75X9405C/55X9305C**



**KD-65X9305C**



Забелешка
• По поврзување на сите кабли, повторно прикачете го капакот за терминал на ТВ.

## За поврзување сателитска

Поврзување за земјен/кабелски и сателитски.
① → ③: чекори за поврзување

**KD-75X9405C/55X9305C**



**KD-65X9305C**




* Поврзете само кога користите двоен тјунер.

## За поврзување сателитска кутија

Поврзете во ТВ преку HDMI или SCART кабел.

**KD-75X9405C/55X9305C**



**KD-65X9305C**




## За поврзување MHL уред

**KD-75X9405C/55X9305C**




**KD-65X9305C**



ТВ истовремено полни MHL-компатиблен поврзан уред додека репродуцира фотографија/музика/видео. Можете да го корстите далечинскиот управувач за контролирање на поврзаниот MHL-компатибилен уред.

Забелешка

- Ако [MHL charging during standby] е дотеран во [On], може да продолжите со полнење на MHL-компатибилен уред дури и кога ТВ е во режим на подготвеност.
- Користете оригинален MHL 3 КАБЕЛ со MHL лого за 4K смарт телефон или мобилни уреди.

# Монтирање на ТВ на ѕид

Ова упатство за употреба на ТВ ги прикажува само чекорите за подготовка за монтирање на ТВ на ѕид.

## Само KD-65/55X9305C

**За купувачите:**
Поради заштита на производот и од безбедносни причини, Sony стриктно препорачува монтирањето на ТВ да се направи од страна на продавачот или лиценцирани изведувачи на Sony. Не се обидувајте сами да го монтирате.

**За продавачите или линценцираните изведување на Sony:**

Обрнете особено внимание на безбедноста при монтирање, одржување или преглед на ТВ.

| |
|---|
| За монтирање на овој производ потребна е стручност, особено за одредување на јачината на ѕидот да ја издржи тежината на ТВ. По прицврстувањето од страна на дирелот или изведувањето на Sony обавезно проверете го прицврстувањето на и обрнете соодветно внимание на безбедноста за време на монтирањето. Sony не е одговорен за било какви штети или повреди предизвикани од неправилно ракување или непрописно монтирање. |

Користете носач за поставување на ѕид SU-WL450 (одделно се продава) (KD-65/55X9305C) за монтирање на ТВ на ѕид.
За време на монтирањето на носачот за поставување на ѕид, исто така видете во упатството за употреба и водичот за монтирање испорачан со носачот за поставување на ѕид.

Забелешка
• Обавезно чувајте ги извадените штрафови на безбедно место и држете ги подалеку од дофат на деца.

За инструкции за инсталација на Конзолата на држачот за ѕид на ТВ моделот видете на следната веб страна:
www.sony.eu/tv/wall-mount-bracket-manual

1 Извадете ги завртките од задниот дел на ТВ.

**KD-65X9305C**

**Стандардно**




**Супер тенко (60) монтирање**




**KD-55X9305C**




2 Пред да ја инсталирате Конзолата за држач за ѕид, прикачете го Додатокот за прикачување на ѕид **J** (испорачано со ТВ) на задниот дел од ТВ (да се постави паралелно со ѕид).
(Освен за KD-65X9305C (Супер тенко (60) монтирање))

Забелешка
- Додатокот за прикачување на ѕид зацврстете го кога го прикачувате на ТВ.
  Користете само рамен штрафцигер за инсталирање на Додатокот за прикачување на ѕид. Со користење на друга алатка може да предизвикате обратен момент на Додатокот за прикачување на ѕид и да се оштети ТВ.
- Ако користите електричен штрафцигер, обртаите дотерајте ги приближно во 1.5 N·m {15 kgf·cm}.

**Стандардно монитирање, Тенко монтирање (KD-55X9305C)**




**Стандардно монтирање**



**Тенко монтирање**



**Супер тенко (60) монтирање (KD-65X9305C)**



**Тенко монтирање (KD-55X9305C), Супер тенко (60) монтирање (KD-65X9305C)**

Забелешка

• Нема да може да ги користите некои од терминалите на задниот дел од ТВ кога го користите овој стил на монтирање.



## Само KD-75X9405C

ТВ може да се монтира на ѕид со помош на Конзолата за држач за ѕид (одделно се продава) надвор од пакетот.

Подгответе го ТВ за Конзолата за држач за ѕид пред да ги поврзете каблите.

**За заштита на производот и лична безбедност, Sony исклучиво препорачува дека инсталирањето на ТВ на ѕид треба да го направи квалификувано лице. Не се обидувајте стамите да го инсталирате.**

- Следете ги инструкциите обезбедени со Конзолата за држач за ѕид за вашиот модел. Потребна е стручност за инсталирање на ТВ, особено за одредување на јачината на ѕидот за да ја издржи тежината на ТВ.
- Неискористените завртки и Држачот за маса држете ги настрана се додека не бидете подготвени да го прикачите. Завртките држете ги подалеку од деца.

1 Извадете ги завртките од заниот дел на ТВ.




2 Пред да ја инсталирате Конзолата за држач за ѕид, прикачете го Додатокот за прикачуваање на ѕид **J** (испорачан со ТВ) на задниот дел од ТВ (да се постави паралелно со ѕидот).

Забелешка
- Зацврстете го Додатокот за прикачување на ѕид кога го прикачувате на ТВ.
  Користете само рамен штрафцигер за инсталирање на Додатокот за прикачување на ѕид. Со користење на друга алатка може да предизвикате обратен момент на Додатокот за прикачување на ѕид и да се оштети ТВ
- Ако користите електричен штрафцигер, обртаите дотерајте ги приближно во 1.5 N·m {15 kgf·cm}.



Додаток за прикачување на ѕид **J** (испорачано со ТВ)

# Проблеми и можни решенија

Со цел ТВ софтверот да го задржите до последен ден, потребно е да превземете најнови информации за софтверот преку дигитален радиодифузен систем или интернет и да го зажурирате софтверот. Изберете [Update Now] да почнете со ажурирање на софтверот. Сијаличката LED трепка белот додека софтверот се ажурира. Не го откачувајте главниот кабел за време на ажурирање на софтверот. Ако направите така, ажурирањето нема да заврши комплетно и може да предизвика дефект на софтверот. Ажурирањето на софтверот може да потрае околу 30 минути. Ако не сакате софтверот да го ажурирате автоматски, допрете **HOME** и изберете [Help] → [System software update] → [Automatic software download] → [Off].

Кога ќе го откачите ТВ и повторно ќе го прикачите, ТВ може нема веднаш да се вклучи дури и ако допрете на копчето за напојување на далечинското или ТВ бидејќи му е потребно некое време за иницијализација на системот. Почекајте околу 10 до 20 секунди, потоа повторно работете со него.

**Кога LED индикаторот трепка црвено, бројте колку пати трепка (временски интервал е три секунди).**
Ако LED индикаторот трепка црвено, ресетирајте го ТВ со исклучување на кабелот за мрежа од ТВ околу две минути, а потоа повторно вклучете го ТВ.
Ако проблемот и понатаму постои, обратете се кај продавачот или сервисот на Sony и објаснете му колку пати LED индикаторот трепка црвено (временски интервал е три секунди). Допрете на ТВ да го исклучите, исклучете го кабелот за струја и обратете се кај продавачот или сервисот на Sony.

**Кога LED индикаторот не трепка, проверете ги следните ставки.**
Исто така може да видите [Проблеми и можни решенија] во Help Guide or perform self-diagnosis by selecting [Help] → [Self diagnostics]. Ако проблемот не се реши, однесете го ТВ кај овластениот сервис.

## Проблеми и решенија

**Нема слика (екранот е темен) и нема звук.**
- Проверете го поврзувањето на антена/кабел.
- Поврзете го ТВ во штекер и допрете на ТВ или на далечинскиот.

**Некои програми не може да се дотераат.**
- Проверете го поврзувањето на антена/кабел.
- Сателитскиот кабел може да има краток спој или може да има проблеми при поврзување на кабелот. Проверете го поврзувањето и потоа исклучете го ТВ со прекинувачот Mains power On/Off и потоа
- Фреквенцијата која што сте ја внеле е надвор од опсегот. Консултирајте со компанијата за сателитско емитување.

**Не може да најде кабелски ТВ сервиси (програми).**
- Проверете го поврзувањето на кабелот или конфигурација за дотерувањето.
- Се обидува да направи [Digital Auto Tuning] со бирање [Antenna] наместо [Cable].

**Далечинскиот управувач не работи.**
- Заменете ги батериите.

**[Parental lock] лозинката сте ја заборавиле.**
- Внесете 9999 за PIN код. (PIN кодот 9999 секогаш се прифаќа.)

**Околу ТВ се затоплува.**
- Кога ТВ се користи подолго време, околу ТВ се затоплува.
  Може да почувствувате топлина кога го допирате со рака.

**Замрзнато аудио или видео, празен екран или ТВ не реагира на копчињата на ТВ или далечинското.**
- Ресетирајте го ТВ со откачување од штекер околу две минути, потоа повторно приклучете го.

**⏻, CH+/–, ◿ +/–, ⇥ и ТВ копчињата не може да се најдат на ТВ.**

- Видете ја илустрацијата за локација на копчињата на ТВ.

Заден дел на ТВ




**Сијаличката LED е вклучена.**

- Ако не сакате да се запали сијаличката LED, може да ја исклучите.
  Допрете **HOME**, потоа изберете [Settings] → [Illumination LED] → [Off].




**Не може да се поврзете со безжичен рутер преку WPS (Wi-Fi Protected Setup).**

- Ако користите WEP безбедност, изберете [Easy] → [Wi-Fi] → [Connect by scan list]. Потоа изберете име на мрежа (SSID) која сакате да ја поврзете.

**Не можете да го најдете бараното име на мрежа во мрежното дотерување.**

- Изберете [[Manual entry]] и допрете ⊕ да внесете име на мрежа.

# Спецификации

## Систем

Систем на екранот
LCD (Ekran sa tečnim kristalima) екран, LED осветлување

ТВ систем
Аналоген: Во зависност од избор на земја/подрачје: B/G/H, D/K, L, I, M
Дигитален: DVB-T/DVB-C
DVB-T2
Сателитски: DVB-S/DVB-S2

Систем за боја/видео
Аналоген:PAL, SECAM, NTSC3.58 (само видео), NTSC4.43 (само видео)
Дигитален: Видете во Водичот со помош.

Покриени канали
Аналоген: UHF/VHF/кабловски, во зависност од избор на земја/подрачје.
Дигитален: UHF/VHF/ кабловски, во зависност од избор на земја/подрачје.
Сателитски: IF фреквенција 950-2.150 MHz

Излез на звук
12.5 W + 12.5 W + 12.5 W + 12.5 W + 20 W + 20 W

Безжична технологија
Протокол IEEE802.11ac/a/b/g/n
(IEEE802.11ac може да не е достапен во зависност од земјата/регионот.)
Bluetooth Version 4.1

## Влезни/излезни приклучоци

Кабел за антена
75 ohm надворешен терминал за VHF/UHF

Сателитска антена MAIN/SUB
Женски F-тип приклучок IEC169-24, 75 ohm.
DiSEqC 1.0, LNB 13 V/18 V & 22 kHz tone,
Единечен кабел за дистрибуција EN50494.

⇆ / ⇥ AV1
21-пински скарт конектор (стандард CENELEC) вклучувајќи аудио/видео влез, RGB влез и ТВ аудио/видео излез.

⇥ / ⇥ COMPONENT IN
YPbPr (Component Video): 1080p (50, 60 Hz), 1080i (50, 60 Hz), 720p (50, 60 Hz), 576p, 576i, 480p, 480i
Аудио влез (фоно приклучоци)

⇥ AV2
Видео влез (заеднички фоно пин со Y влез)

HDMI IN 1, 2, 3, 4 (поддржува 4K резолуција)
Видео (2D):
4096 × 2160p (50, 60 Hz)*[1]*[2], 4096 × 2160p (24 Hz)*[2], 3840 × 2160p (50, 60 Hz)*[1], 3840 × 2160p (24, 25, 30 Hz), 1080p (30, 50, 60 Hz), 1080/24p, 1080i (50, 60 Hz), 720p (30, 50, 60 Hz), 720/24p, 576p, 576i, 480p, 480i, Компјутерски формати
*1 YCbCr 4:2:0 / 8bit само
*2 3840 × 2160p се прикажува кога 4096 × 2160p е влез
Видео (3D):
Оквир: 1080p (30 Hz), 1080/24p, 1080i (50, 60 Hz), 720p (30, 50, 60 Hz), 720/24p
Side-by-Side: 1080p (50, 60 Hz), 1080/24p, 1080i (50, 60 Hz), 720p (50, 60 Hz)
Over-Under: 1080p (30, 50, 60 Hz), 1080/24p, 1080i (50, 60 Hz), 720p (50, 60 Hz)
Аудио: 5.1 канали линеарен PCM: 32, 44.1, 48, 88.2, 96, 176.4 and 192 kHz, 16, 20 и 24 bits, Dolby Digital и DTS
ARC (Audio Return Channel) (HDMI IN 4 само)

MHL (HDMI IN 2)
Видео (2D):
4096 × 2160p (24 Hz)*, 3840 × 2160p (24, 25, 30 Hz), 1080p (30, 50, 60 Hz), 1080/24p, 1080i (50, 60 Hz), 720p (30, 50, 60 Hz), 720/24p, 576p, 576i, 480p, 480i
* 3840 × 2160p се прикажува кога 4096 × 2160p е влез
Видео (3D):
Оквир: 1080p (30 Hz), 1080/24p, 1080i (50, 60 Hz), 720p (30, 50, 60 Hz), 720/24p
Side-by-Side: 1080p (50, 60 Hz), 1080/24p, 1080i (50, 60 Hz), 720p (50, 60 Hz)
Over-Under: 1080p (50, 60 Hz), 1080p (30 Hz), 1080/24p, 1080i (50, 60 Hz), 720p (50, 60 Hz)
Аудио: 5.1 канали линеарен PCM: 32, 44.1, 48, 88.2, 96, 176.4 и 192 kHz, 16, 20 и 24 bits, Dolby Digital и DTS

DIGITAL AUDIO OUT (OPTICAL)
Дигитален оптички приклучок (Два канала линеарен PCM, Dolby Digital, DTS)

AUDIO OUT, / (Стерео мини приклучок)
Слушалки, Аудио излез, Субвуфер

1, 2, SS 3 (HDD REC)*
Порт за USB уред (SS 3 USB HDD уред за REC функција).
USB порт 1 и 2 поддржуваат High Speed USB (USB2.0).
USB порт 3 поддржува Super Speed USB (USB3.0).
* Само за ограничен регион/земја/ТВ модел.

CAM (Conditional Access Module) слот

LAN
10BASE-T/100BASE-TX конектор (Во зависност од работната околина на мрежата, брзината на поврзување може да се разликува. 10BASE-T/100BASE-TX брзина и квалитет на комуникација не се гарантираат за овој ТВ.)

## Друго

Опционални додатоци
Конзола за држач за ѕид: SU-WL450 (KD-65/55X9305C)
Безичен субвуфер: SWF-BR100
MHL кабел: DLC-MC10, DLC-MC20, DLC-MC30
Активни 3D очила: TDG-BT500A

Active 3D -RF-

Работна температура
0 ºC – 40 ºC

Влажност при работа
10 % – 80 % RH (без кондензација)

## Напојување и друго

Потребно напојување
220 V - 240 V AC, 50 Hz

Класа на енергетска ефикасност
KD-75X9405C: B
KD-65X9305C: B
KD-55X9305C: B

Големина на екран (дијагонално мерен)(Приближ.)
KD-75X9405C: 75 inches / 189.3 cm
KD-65X9305C: 65 inches / 163.9 cm
KD-55X9305C: 55 inches / 138.8 cm

Потрошувачка во [Standard] режим
KD-75X9405C: 299 W
KD-65X9305C: 192 W
KD-55X9305C: 166 W

во [Vivid] режим
KD-75X9405C: 486 W
KD-65X9305C: 326 W
KD-55X9305C: 311 W

Просечна годишна енергетка потрошувачка*[1]
KD-75X9405C: 415 kWh
KD-65X9305C: 266 kWh
KD-55X9305C: 230 kWh

Потрошувачка во режим на мирување*[2]*[3]
0.50 W (32 W во софтвер/EPG ажурирање)

Резолуција на прика
3,840 точки (хоризонтално) × 2,160 линии (вертикално)

Опсег на излез
USB 1/2: 5 V, ⎓, 500 mA MAX
USB 3: 5 V, ⎓, 900 mA MAX
MHL (HDMI IN 2): 5 V, ⎓, 1.5 A MAX

## Димензии (Приближ.) (ш×в×д)

Со Држач за маса

На крај:

KD-75X9405C: 192.9 × 104.1 × 32.2 cm

KD-65X9305C: 170.6 × 91.1 × 29.2 cm

KD-55X9305C: 148.4 × 78.0 × 25.5 cm

Во средина:

KD-75X9405C: 192.9 × 104.8 × 32.2 cm

KD-65X9305C: 170.6 × 91.9 × 29.2 cm

KD-55X9305C: 148.4 × 78.7 × 25.5 cm

Без Држач за маса

KD-75X9405C: 192.9 × 99.1 × 11.0 cm

KD-65X9305C: 170.6 × 87.1 × 9.0 cm

KD-55X9305C: 148.4 × 74.4 × 9.0 cm

## Ширина на држач (Приближ.)

На крај:

KD-75X9405C: 191.0 cm

KD-65X9305C: 169.0 cm

KD-55X9305C: 146.8 cm

Во средина:

KD-75X9405C: 70.7 cm

KD-65X9305C: 60.7 cm

KD-55X9305C: 60.7 cm

## Mass (Approx.)

Со Држач за маса

KD-75X9405C: 56.8 kg

KD-65X9305C: 48.0 kg

KD-55X9305C: 37.9 kg

Без Држач за маса

KD-75X9405C: 56.0 kg

KD-65X9305C: 47.3 kg

KD-55X9305C: 37.3 kg

*[1] Годишна потрошувачка на енергија врз основа на потрошувачката на ТВ кој работи 4 часа дневно за 365 дена. Вистинската потрошувачка на енергија ќе се разликува во зависност од тоа како го користите ТВ.

*[2] Наведениот режим на мирување се постигнува откако ТВ ќе заврши со неопходните интерни процеси.

*[3] Потрошувачката во режим на мирување ќе се зголеми кога ТВ е поврзан со интернет.

*[4] Само за ограничен регион/земја/ТВ модел.

Забелешка

- Не ја вадете лажната картичка од TV CAM (Conditional Access Module) слотот со цел да ставите картичка која одговара во CAM.
- Достапноста на дополнителна опрема зависи од земјата/регионот/ТВ моделот/залихата.
- Дизајнот и спецификациите се предмет на измена без претходна најава.
- Овој ТВ е во согалсност со MHL 3.

## Забелешки за функцијата Digital TV

- Сите функции поврзани со Digital TV (DVB) ќе работата во земји или области каде што се емитува дигитален терестријален сигнал DVB-T/DVB-T2 (MPEG-2 i H.264/MPEG-4 AVC) или каде што имате пристап до компатибилен кабелски сервис DVB-C (MPEG-2 i H.264/MPEG-4 AVC). Проверете кај локалниот добавувач дали можете да примите DVB-T/DVB-T2 сигнал каде што живеете или прашајте го кабелскиот оператор дали нивниот DVB-C кабелски сервис е погоден за интегрирана соработка со овој ТВ.
- Вашиот кабелски оператор може да наплатува за нивните сервиси или ќе треба да се согласите со нивните услови и одредби за работа.
- Овој ТВ е во согласност со DVB-T/DVB-T2 и DVB-C спецификации, но не се гарантира компатибилност со идното DVB-T/DVB-T2 дигитално терестријални и DVB-C дигитално кабелско емитување.
- Некои функции на Digital TV може да не се достапни во некои земји/подрачја и DVB-C кабелската може да не работи правилно со некои оператори.

## Информации за заштитните знаци

- Термините HDMI и HDMI High-Definition Multimedia Interface, и HDMI логото се заштитни знаци или регистрирани трговски марки на HDMI Licensing LLC во САД и други земји.
- Произведен под лиценца од Dolby Laboratories.

  Dolby и дупло–D симболот е заштитен знак на Dolby Laboratories.
- "BRAVIA" и BRAVIA се заштитни знаци на Sony Corporation.
- Gracenote, Gracenote eyeQ, Gracenote VideoID, Gracenote Video Explore, Gracenote логото и логотипот и "Powered by Gracenote" логото се регистрирана трговска марка или заштитен знак на Gracenote во САД и/или други земји.
- Opera® Devices SDK од Opera Software ASA. Copyright 1995-2014 Opera Software ASA. Сите права се задржани.
- Wi-Fi, Wi-Fi Direct, Miracast и Wi-Fi Protected Setup се заштитни знаци или регистрирани трговски марки на Wi-Fi Alliance.

- MHL, Mobile High-Definition Link и MHL логото се заштитни знаци или регистрирани трговски марки на MHL Licensing, LLC.
- За DTS патенти, видете http://patents.dts.com. Произведено под лиценца на DTS, Inc.
  DTS, Symbol, & DTS и Symbol заедно се регистрирани трговски марки и DTS Digital Surround е заштитен знак на DTS, Inc. © DTS, Inc. Сите права се задржани.
- Дизајниран со UEI Technology™
  Под лиценца на Universal Electronics Inc. Portions © UEI 2000 – 2014.
- Bluetooth® знакот и логото се сопственост на компанијата Bluetooth SIG, Inc. и секаква употреба на ваков знак од страна на Sony Corporation е со лиценца. Другите заштитни знаци и трговски марки се сопственост на нивните сопственици.
- DiSEqC™ е заштитен знак на EUTELSAT. Овој ТВ поддржува DiSEqC 1.0. Овој ТВ не е наменет за контролирање на монотиризани антени.
- TUXERA е регистрирана трговска марка на Tuxera Inc. во САД и други земји.
- USB-IF SuperSpeed USB Trident логото е регистриран заштитен знак на USB Implementers Forum, Inc.
- N ознаката е заштитен знак или регистрирана трговска марка на NFC Forum, Inc. во САД и во други земји.

Вистинска резолуција: 3840 x 2160 пиксели.

За корисни информации за Sony производите видете на

www.sony.eu/support

http://www.sony.net/

4559928121

©2015 Sony Corporation

4-559-928-**12**(1)